# З А П И С Н И К

**од тринаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации за 2023 година**

Тринаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 06.11.2023 во 14:00 часот.

Присутни: Стевица Јосифовски, Тања Ковачев, Насер Адеми, Ервин Реџепагиќ и Александар Давчески.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред:

1. Усвојување на дневниот ред за тринаесеттиот состанок за 2023 година на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од дванаесеттиот состанок на Комисијата на АЕК;
3. Барање на согласност за јавна набавка на стока- ХТЗ опрема за вработените на АЕК;
4. Барање на согласност за јавна набавка на стока-Mail Office 365;
5. Барање на согласност за јавна набавка на стока-канцалариски материјал;
6. Предлог за отпис на побарување-годишен надоместок за користење на радиофреквенции, годишен надоместок за користење на скратен број, врз основа на Известување од Централен регистар на РМ;
7. Барање на согласност за објавување на јавна расправа на Предлог Годишен финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2024 година;
8. Барање на согласност за објавување на јавна расправа на Предлог-Годишна програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2024 година;
9. Доставување на Извештај за активностите на Агенцијата за електронски комуникации за третиот квартал за 2024 година;
10. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за дванаесеттиот состанок во 2023 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со барањето под точка број 3, Комисијата даде согласност за јавна набавка на стока- ХТЗ опрема за вработените на АЕК .

Во врска со барањето под точка број 4, Комисијата даде согласност за јавна набавка на стока-Mail Office 365.

Во врска со барањето под точка број 5, Комисијата даде согласност за јавна набавка на стока-канцалариски материјал.

Во врска со Предлог за отпис на побарување-годишен надоместок за користење на радиофреквенции, годишен надоместок за користење на скратен број, врз основа на Известување од Централен регистар на РМ, Комисијата на АЕК даде согласност.

Во врска со Предлог Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2024 година, доставен на Комисијата на АЕК пред јавна расправа, Комисијата даде согласност истата да се објави на јавна расправа согласно ЗЕК.

Во врска со Предлог-Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2024 година, доставен до Комисијата на АЕК пред јавна расправа, Комисијата даде согласност истата да се објави на јавна расправа согласно ЗЕК.

Комисијата го разгледа Извештајот за активностите на Агенцијата за електронски комуникации за третиот квартал за 2024 година, доставен од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

Седницата заврши во часот.

Стевица Јосифовски,претседател________

Тања Ковачев, член ____________________

Ервин Реџепагиќ, член__________________

Насер Адеми, член______________________

Александар Давчески____________________

Наш број 1102-35/2

Скопје 06.11.2023